**Алфа ТВ**
**Упатства за пријавување за учество во квизот**
**„ЗЕМИ ИЛИ ОСТАВИ”**

**Прв чекор: Пријавување преку телефон (мобилен или фиксен) или преку СМС.**

- Повикај го бројот 141514 од било кој мобилен или фиксен оператори во Р. Македонија со СМС или со говор.

- Доколку се пријавуваш преку СМС , во полето за текст впиши алфатв.

- Можеш да се пријавуваш колку пати сакаш. Со тоа ги зголемуваш шансите за избор во некоја од емисиите.

- Цената на повикот или на СМС пораката е 50 денари + ДДВ.

- Ако се пријавуваш со СМС порака на бројот за пријавување, ќе добивеш возвратна СМС порака со следната соржина: *Вие се пријавивте за учество во „Земи или остави”. Вашиот код е *****. Посетете ја веб страницата www.alfatv.com.mk и продолжете со процедурата за пријавување.*

- Ако се пријавуваш со говор преку мобилен или фиксен оператор, возвратно ќе ја добиеш говорната порака со следната содржина: *Благодариме што се пријавивте за учество во „Земи или остави”. Подгответе се да го запишете вашиот код (пауза). Вашиот код е *****. Повторувам: Вашиот код е *****. Посетете ја веб страницата www.alfatv.com.mk и продолжете со процедурата за пријавување.*

- Кодот што ќе го добиеш е валиден 6 дена или од петок во една секунда после полноќ до четврток 24:00 часот, односно еден турнус. Секој нареден турнус треба има нов повик и нов код.

- ВНИМАВАЈ!!! Запомни го, или запиши го единствениот код, зашто преку интернет треба да го внесеш точниот код на веб страницата www.alfatv.com.mk на местото определено за тоа.

**Втор чекор: Пријавување преку интернет**

- Приклучи се на интернет и оди на веб страницата www.alfatv.com.mk

- Тука на првата страна на видливо место е линкот за елекктронскиот формулар за пријавување за квизот „Земи или остави”.

- Кога ќе се отвори формуларот, следниот чекор е да ги внесеш телефонскиот број од кој е извршено пријавувањето и единствениот код  кој претходно си го добил/а преку СМС или со говорна порака.

- Потоа следува пополнување на формуларот кој е составен од 4 дела:
  1. Најнеопходните лични податоци
  2. Податоци за три лица кои ќе го придружуваат потенцијалниот
  3. натпреварувач во квизот
  4. Три квалификациони прашања од општа култура.
  5. Завршни правила и одредби поврзани со процедурите и правните
  6. аспекти за учество во натпреварот.

- Доколку телефонскиот број и кодот не се совпаѓаат, веб системот ќе го спречи натамошното аплицирање со пораката: *„Кодот што го внесовте не е исправен, Ве молиме обидете се уште еднаш или пријавете се за играта на број 141514 за да добиете валиден код"*

- Ако се случи тоа, тогаш ќе мораш да се вратиш на првиот чекор и уште еднаш да се пријавиш на телефонот 141514 и да го добиеш единствениот код.

- Откако ќе го завршиш пополнувањето на формуларот кликни прво на копчето *Прифаќам*, а потоа на копчето *Пријави*.

- ВНИМАВАЈ!!! Треба да имаш точни одговори на најмалку две (2) од вкупно три (3) прашања за да се стекнеш со можност да бидеш повикан/а на интервју како последната фаза од изборот за натпреварувачи во квизот „Земи или остави".

**Трет чекор – Интервју**

- Врз основа на точните одговори на прашањата во апликацијата на веб страницата и изборот на Комисијата за учество и регуларно одвивање на квизот „Земи или остави", ќе биде составена потесна листа на кандидати кои ќе бидат повикани на интервју.

- Интервјуто ќе се сотои од разговор и прашања од општа култура со кои ќе се стекнат целосни сознанија за знаењата, вештините и профилот на потенцијалните учесници.

- Од кандидатите повикани на интервју ќе биде избран еден апликант кој ќе се стекне со право да учествува во квизот.

**Можеби тоа си токму ти. Ти посакуваме успех!**